

Балетски триптих

# МОЛИТВИ

## на моето тело

#100ГОДИНИАЦОШОПОВ

Lutjet e trupit tim – premierë - baleti triptik

Prayers of my body – premiere- tripl bill ballet

www.operabalet.mk

Национална опера и балет

Република Северна Македонија
Министерство за култура

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës

Овој проект е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ



## МОЛИТВИ НА МОЕТО ТЕЛО

балетска претстава (триптих) инспирирана од циклусот поезија со истоимениот наслов на Ацо Шопов по повод одбележување 100 години од раѓањето на поетот.

**Времетраење:**
90 минути

## *PRAYERS OF MY BODY*

*Ballet show (triptych) inspired by the poetry cycle of the same name by Aco Shopov, on the occasion 100 years since the poet's birth.*

***Duration of performance:***
*90 minutes*

# МОЛИТВИ

на моето тело



# МОЛИТВИ НА МОЕТО ТЕЛО

Премиера 20.12.2023, 20:00
Реприза 22.12.2023

балетска претстава (триптих) инспирирана од циклусот поезија со истоимениот наслов на Ацо Шопов по повод одбележување 100 години од раѓањето на поетот

**Идеја за проект и костимограф:** Александар Ношпал

**Драматург:** Соња Здравкова-Џепароска

**Кореографи:** Ивана Коцевска, Адријана Данчевска, Саша Евтимова

**Композитори:** Дарија Андовска, Александар Гроздановски, Александар Пејовски

**Сценограф:** Михаљо Стојановски

**Визуелен уметник:** Флоријан Чанга (Р. Албанија)

**Монтажа на филм:** Доријан Миловановиќ

**Мултимедија и графички дизајн:** Лазе Трипков

**Поетско читање:** Никола Ристановски

**Асистент костимограф:** Ангела Богеска

**Светло:** Јакуп Јакуп, Нино Митевски, Перо Марачков

**Инспициенти:** Дубравка Шопова, Тијана Тарчуговска Георгиева

**Корепетитори:** Марјан Василевски, Стефан Пехчевски

# PRAYERS OF MY BODY

Premiere 20.12.2023
Reprise 22.12.2023

ballet show (triptych) inspired by the poetry cycle of the same name by Aco Shopov, on the occasion 100 years since the poet's birth

**Idea for Project and Costume Designer:** Aleksandar Noshpal

**Playwright:** Sonja Zdravkova-Dzeparoska

**Choreographers:** Ivana Kocevska, Andrijana Danchevska, Sasha Evtimova

**Composers:** Daria Andovska, Aleksandar Grozdanovski, Aleksandar Pejovski

**Set designer:** Mihajlo Stojanovski

**Visual Artist:** Florijan Changa (R. Albania)

**Film Montage:** Dorijan Milovanovikj

**Multimedia and Graphic Design:** Laze Tripkov

**Poetic reading:** Nikola Ristanovski

**Assistant Costume Designer:** Angela Bogeska

**Lighting:** Yakup Yakup, Nino Mitevski, Pero Marachkov

**Stage managers:** Dubravka Shopova, Tijana Tarchugovska Georgieva

**Piano accompanist / music:** Marjan Vasilevski, Stefan Pehchevski





## 1 ЦИКЛУС - РАЃАЊЕ (NATIVITAS)

**Прва едночинка:**
Ивана Коцевска, кореограф
Дарија Андовска, композитор

**Настапуваат:**

**МАЈКА:** Мими Поп- Алексова Атанасовска / Христина Наќевска
**ЖЕНА:** Мартина Димовска / Аманда Роча / Ања Филиповска
**ДЕВОЈКА:** Наташа Трендафилова Гице в/ Медина Јусуфовиќ / Биби Басмаџиева Ковачевска
**3 мажи:** Франциско Хименес Руи (Алфред Јаго), Балаж Лочеи (Ендру Кук), Игор Веланоски (Николас Орсо, Веселин Трајковски)
**4 жени:** Ивана Димковска, Илијана Данилов, Аманда Роча, Ева Перковска (Медина Јусуфовиќ, Меланија Гоцевска, Матеа Каревски, Ања Филиповска, Мартина Цветаноска)

## CYCLE - BIRTH (NATIVITAS)

**Act One:**
Ivana Kocevska, Choreographer
Darija Andovska, Composer

**Performing:**

**MOTHER:** Mimi Pop-Aleksova Atanasovska / Hristina Nakjevska
**WOMAN:** Martina Dimovska / Amanda Rocha / Anja Filipovska
**GIRL:** Natasha Trendafilova Gicev / Medina Yusufovikj/ Bibi Basmadzieva Kovachevska
**3 men:** Francisko Himenes Ruis (Alfred Yago), Balazh Lochei (Andrew Kuk), Igor Velanoski (Nikola Orso.Veselin Trajkovski)
**4 women:** Ivana Dimkovska, Iliyana Danilov, Amanda Rocha, Eva Perkovska (Medina Yusufovikj, Melanija Gocevska, Matea Karevski,  Anja Filipovska, Martina Cvetanoska)

## 2 ЦИКЛУС - ПРЕПЛЕТУВАЊЕ

**Втора едночинка:**
Адријана Данчевска, кореограф
Александар Гроздановски, композитор

**Настапуваат:**

Мими Поп – Алексова Атанасовска, Илијана Данилов, Наташа Трендафилова, Ангела Велевска, Ивана Димковска, Меланија Гоцевска, Ангела Богатинова, Аманда Роча.
Франциско Хименес Руис, Балаш Лочеи, Игор Веланоски, Ендру Кук, Веселин Трајковски, Алфред Јаго.

## CYCLE - WEAVE

**Act Two:**
Adrijana Danchevska, Choreographer
Aleksandar Grozdanovski, Composer

**Performing:**

Mimi Pop – Aleksova Atanasovska, Iliyana Danilov, Natasha Trendafilova, Angela Velevska, Ivana Dimkovska, Melaniya Gocevska, Angela Bogatinova, Amanda Rocha.
Francisko Himenes Ruis, Balash Lochei, Igor Velanoski, Andrew Kuk, Veselin Trajkovski, Alfred Yago.

## 3 ЦИКЛУС - ВОЗНЕС (IN PERPETUM)

**Трета едночинка:**
Саша Евтимова, кореограф
Александар Пејовски, композитор
Ксенија Синџиќ (Р. Црна Гора), асистент кореограф

**Настапуваат:**

Мими Поп – Алексова Атанасовска, Марија Кичевска,Александра Мијалкова,  Марија Јосифовска, Олга Панго, Биби Басмаџиева Ковачевска, Наташа Трендафилова, Марина Анастасовска, Христина Наќевска, Илијана Данилов, Аманда Роча, Мила Ниновска, Ангела Велевска, Меланија Гоцевска, Ивана Димковска, Мартина Димовска, Ева Десковска. Бобан Ковачевски, Балаш Лочеи, Франциско Химнес Руис, Игор Веланоски, Миро Митрашиновиќ, Ендру Кук, Алфред Јаго, Веселин Трајановски, Тодор Стојанов, Агим Бафтии, Кристијан Јангос, Мартин Саздовски, Николас Орсо, Стефан Кочевски (Марин Анчевски)
(Вили Карајанова, Медина Јусуфовиќ, Андријана Богатиновска, Леонтина Карчева, Исидора Китановиќ, Теодора Ставревска, Бојана Арсовска, Ања Филиповска)

## CYCLE - ASCENSION (IN PERPETUUM)

**Act Three:**
Sasha Evtimova, Choreography
Aleksandar Pejovski, Composter
Ksenija Sindzikj (R. Montenegro), Assistant of Choreography

**Performing:**

Performing: Mimi Pop - Aleksova Atanasovska, Marija Kichevska, Aleksandra Mijalkova, Marija Josifovska, Olga Pango, Bibi Basmadzieva Kovachevska, Natasha Trendafilova, Marina Anastasovska, Hristina Nakjevska, Iliyana Danilov, Amanda Rocha, Mila Ninovska, Angela Velevska, Melanija Gocevska, Ivana Dimkovska, Martina Dimovska, Eva Deskovska.
(Vili Karayanova, Medina Yusufovikj, Andrijana Bogatinovska, Leontina Karcheva, Isidora Kitanovikj, Teodora Stavrevska, Bojana Arsovska, Anja Filipovska.)
Boban Kovachevski, Balash Lochei, Francisko Himnes Ruis, Igor Velanoski, Miro Mitrashinovikj, Andrew Kuk, Alfed Yago, Veselin Trajanovski, Todor Stojanov, Agim Baftii, Kristijan Yangos, Martin Sazdovski, Nikola Orso, Stefan Kochevski (Marin Anchevski)

Создавањето на драматуршка предлошка на поезијата на Шопов беше екстатичка игра со значења, состојби, емоции, нијанси, ароми, бои,... Тоа  е опоен процес на продирање во најдлабоките химери на неговата поетска реч, но при тоа погледнати преку диоптријата на обликовната матрица на едно сценско дело. Поаѓајќи од танцовиот изведувачки дискурс идеја беше да се постигне преведување, конвертирање на зборот во движење.

The creation of a dramatic preposition for Shopov's poetry was an ectatic interplay of meaning, state, emotion, nuance, aroma, and color... It's an intoxicating process of probing the deepest chimeras of his poetic expression, but additionally looked at through the lens of the structured matrix of stage work. Starting from the discourse of performative dance, the idea was to accomplish a translation and conversion of the written.

Соња Здравкова-Џепароска / Sonja Zdravkova-Dzeparoska



**МОЛИТВИ НА МОЕТО ТЕЛО**
Балетски триптих

PRAYERS OF MY BODY
Ballet triptych

Претставата е втемелена на дванаесет песни на Ацо Шопов, единаесет од циклусот *Молитви на моето тело* и песната *Раѓање на зборот*, која мошне природно се надоврза на циклусот. Песните на Шопов се моќни, но едновремено интимни приказни пресликани во еден нов, поинаков медиум. Поетот го поставува телото во својот поетски интерес, телото од друга страна е алатка, знак во танцовата уметност. Поради тоа соединувањето на зборот на Шопов и идејата за телото како негова појдовна инспиративна парадигма, со танцот како јазик се одвиваше природно и мошне органски. Претставата стреми кон креирање на перформативна алхемија, симбиоза на изрази, современ синкретизам.

The show is founded on twelve poems by Aco Shopov, eleven from the cycle Prayers of my Body and the poem Birth of the Word, which fit rather naturally into the cycle of poems. Shopov's poems are powerful, but subsequently intimate stories painted over into a new, different maedium. The poet frames the body in his own poetic interest, but the body is, on the other hand, a tool, a sign in the art of dance. Because of this unification of Shopov's word and the idea of the body as his originating inspirational paradigm, using dance as a language gave way to a natural and relatively organic transition. The show aims to create a performative alchemy, a symbiosis of expression, a contemporary synchronicity.



За потребите на претставата песните се организирани во триптих, од кој секој дел содржи по четири песни поврзани во тематско-функционална рамка. Трите тематските циклуси се конектирани со идејната нитка која се пројавува во секој од нив именувани *раѓање*, *преплетување* и *вознес*. Предложеното групирање не е идеално само во однос на некаква математичка делба, туку многу повеќе во содржинска смисла, која резултира со одлична функционалност на песните како засебни потцелини. Трите пластови имаат своја ознака и тематска полнетица. Во секој од нив има флуктуација од вовед преку своевидна кулминација и разрешување во повторно возвишување на следниот циклус.

Јачината на поезијата на Шопов како драматург ме натера да направам една нестандардна интервенција вклучувајќи ја вербалната компонента односно изговорените сегменти од неговата поезија вградени во музиката, сцените или како писмо присутни во сценскиот дизајн што даде еден особен квалитет на претставата.

For the show's needs, the poems are structured into a triptych, from which each part contains four poems tied in a thematically-functional frame. The three thematic cycles are connected through a thread that ties each cycle's poems' subject matter, each one emerging through their respective names: birth, weave, and ascension. The suggested grouping is not only structured to reflect an appropriate mathematical division for each cycle, but moreso to produce contextual sense, which results in an excellent functionality of the poems as separate subsections. The three layers have their own marks and thematic fullness. Each of them has its own fluctuation, from an introduction to its own sense of culmination and resolution, which leads once again to the emergence of a new exaltation in the coming of the next cycle.

The strength of Shopov's poetry as a playwright forced me to do one unorthodox intervention relating to the verbal component, that is the decision to include the spoken segments of his poetry and to integrate them into the music, scenes, or to present them as a letter present in the scene's design; a decision which lended the performance a unique quality of its own.



# Биографија
# **Ацо Шопов**

**Роден во Штип, на 20 декември 1923 година, македонскиот поет Ацо Шопов го помина детството во родниот град, со браќата Димитар (1920-1972) и Борислав (1927-1996), татко му Ѓорѓи Зафиров-Шопов (1893-1944) и мајка му Костадинка Рушева (1897-1942), на која ѝ ги должи љубовта кон поезијата и творечката дарба.**

„Стоглаво чудовиште“, како што ќе го нарече кон крајот на својот живот, тоа детство е жигосано со болеста на мајка му, парализирана во 1934 година. На десет години, тој сам се грижи за неа и за помалиот брат, бидејќи постариот е испратен во Призренската семинарија, а таткото е речиси секогаш отсутен. Така, сеништето на неизлечивата болест и на смртта, грозоморот, тагата и осамата ќе се вовлечат уште во првите песни напишани на четиринаесет годишна возраст и ќе останат сè до последните.

Уште како гимназијалец, во 1940 година, Ацо Шопов влегува во СКОЈ, а две години подоцна, се вклучува во антифашистичката борба, во редовите на Третата македонска ударна бригада. Член на истата бригада е и неговата љубена, Вера Јоциќ, која загинува на 22 мај 1944 и на која Шопов ѝ ја посветува прочуената песна „***Очи***“.

# Biography
# **Aco Šopov**

© Aco Shopov – Poesis

**Macedonian poet Aco Šopov [at͡sɔ ˈʃɔpɔf], considered one of the most important poets of Southeastern Europe, was born on 20 December 1923, in Štip where he lived with his parents, Kostadinka and Gjorgji, and two brothers, Dimitar and Borislav. Influenced by his mother, a schoolteacher who herself wrote love lyrics, Šopov’s poetic debut took the form of writing for a wall newspaper in his high school.**

“Hundred-headed monster” as he called it at the end of his life, his childhood was marked by the specter of incurable diseases and death, sadness and loneliness that would permeate his poetry from his first poems written in a school notebook, at the age of fourteen, to the last. He was only eleven years old, when he took care alone of his mother who died prematurely from a serious illness.

Engaged in the partisan resistance to the Nazi occupying forces in 1943, at the age of 20, Aco Šopov continued writing poetry. His poetry showed him to be a highly personal poet even when he was chronicling events of a social or patriotic nature. He found his subject matter in his own experience, as when describing the death of a much-loved woman, Vera Jocić, who was a fellow partisan.

“I’m the kind of poet that remains faithful to themselves from the inception of their poetic endeavors, all throughout to the maturity of their expression”



„јас сум еден од оние
поети што остануваат
верни на самите себе од
првите поетски обиди, па
се до зрелото творештво“

© АЦО ШОПОВ / ACO ŠOPOV

По војната, Ацо Шопов заминува за Скопје, каде што ќе ги заврши студиите на Филозофскиот факултет, отсек „чиста филозофија“. Уредник во литературните списанија и весници *Нов ден, Млад борец, Иднина, Хоризонт, Современост,* Шопов ќе работи и како главен уредник на сатиричниот неделник Остен, што ќе го поттикне да објави серија сатирични песни, подоцна групирани во збирката ***Јус-универзум*** (1968), во која не ги поштедува ниту „политички јус коректните“ политичари, ниту, пак, таквите писатели, критичари, или новинари. Истите со кои што беше соочен петнаесетина години порано, по објавувањето на ***Стихови за маката и радоста*** (1952), збирка што предизвика остра полемика во македонските литературни кругови. Токму таа збирка, како и следната, ***Слеј се со тишината*** (1955) одбележува историски пресврт во македонската поезија што ќе биде едно гласно признат и поздравен само неколку години подоцна.

**From his earliest work Šopov dropped out the poetic conventions in vogue. During the war, he wrote love poems and later he openly attacked the dictates of socialist realism. Because he refused to abide by the official rules of art, Šopov was first blasted by the official literary criticism in the 1950s, and then also unanimously recognized, several years later.**



With Verses of Sorrow and Joy (1952) and Merge with Silence (1955) there came a turning point in Sopov’s poetry and conceivably in Macedonian poetry at large. These poems were at the core of a kind of “Quarrel of the Ancients and the Moderns“ in Macedonia.

Доследен на своите идеи и покрај нападите на литературната критика, Ацо Шопов изградува автентичен поетски универзум непорозен на императивите на соц-реализмот, но без при тоа да влезе во дисиденција. „Јас сум еден од оние поети што остануваат верни на самите себе од првите поетски обиди,па сè до зрелото творештво“, изјавува Шопов во еден разговор со Ненад Радановиќ (1978). „Никакви книжевни ветрови не успеаа да ме обвијат со туѓа наметка која би се косела со мојата поетска природа. Тие ветрови ме коригираа,

поправаа и доведуваа до сè попотполно поетско изразување, но не ме оддалечија од патот по кој чекорам. Поетот го открива неговата песна, а не потписот што го става под неа“.

Почнувајќи од неговата прва збирка, Песни, која што е едновремено и првата книга објавена на македонски јазик во слободна Македонија, во 1944 год., па сè до последната, ***Дрво на ридот***, што ќе излезе од печат две години пред неговата смрт, Ацо Шопов ги гради темелите на една решително современа поезија – особено со ***Небиднина*** (1963) и ***Гледач во пепелта*** (1970) – која што се потпира на родната земја со единствена цел да ја внесе во катастарот на светот. Тоа е поезија што успева да ги соедини, во едно исто интимно искуство, личните доживувања на поетот и судбината на човештвото.

Speaking with a voice of his own, Šopov charted his very personal course in poetry, without being a dissident.

“The poet’s greatest challenge and the greatest moral responsibility,”

he said in an interview, “is to find the right words to the contents and ideas he wants to express in an authentic and inimitable way. If he fails, the poem is pulled out of its socket, the word becomes a lie.”



states Shopov in a conversation with Nenad Radanovikj (1978). “There were no literary winds that succeeded in engulfing me in another’s gown that would interfere with my poetic nature. Those winds corrected me, amended me, and lead me to a fuller poetic expression, but they didn’t divert me from my path. The poet is revealed by his poem, not the signature that’s placed below it.”

Since his first collection, Poems, that was also the very first book to appear in the Macedonian language at the end of the Second World War, in 1944, until the last Tree on the Hill, published in 1980, two years before he died, Aco Šopov laid the foundations for resolutely modern poetry (in particular with Unbeing and Reader of the Ashes) which

За време на животот, Шопов има објавено дванаесет оригинални збирки, како и осум избори од неговата поезија и десет избори на други јазици. По смртта, бројот на последниве непрестано се зголемува.

Избран, на 18 август 1967 година, меѓу првите членови на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ), а една година подоцна и за дописен член на Српската академија, Ацо Шопов е добитник на највисокото југословенско признание АВНОЈ (1970), како и на литературните награди: „КочоРацин“, за збирките Слеј се со тишината(1956) и Гледач во пепелта (1970); „11 Октомври“, за преводот на Хамлет (1960) и за животно дело (1981); „Змаеви детски игри“, за препевот на песните на Јован Јовановиќ-Змај (1967); „Браќа Миладиновци“, за збирката ***Песна на црната жена*** (1976).

***Песна на црната жена*** е инспирирана од неговиот престој во Сенегал, каде што е именуван за амбасадор на Југославија, во 1971 год., по долги години посветени на издавачката дејност, претежно како директор и главен уредник на „Македонска книга“. За време на престојот во Африка, тој ќе преведе и избор од поезијата на

built on his native soil with the sole ambition of inscribing itself in the world cadaster. His work merges the poet’s life, his country’s fate and the common destiny of mankind into one and the same intimate experience. In 1967, Aco Šopov became one of the founding members of the Macedonian Academy of Sciences and Arts, and was awarded with





сенегалскиот претседател, Леополд Седар Сенгор, член на Француската академија, добитник на Златниот венец на Струшките вечери на поезијата, во 1975 година. Истата година Ацо Шопов е именуван за претседател на Републичката комисија за културни врски со странство, во Скопје. Но, три години подоцна, болеста, одамна насетена во песните, ќе го присили да го напушти активниот живот.

the AVNOJ in 1970. The AVNOJ Prize was the highest recognition in the field of science and art in the frames of the former Yugoslavia.
After many years of journalism and publishing, in 1971 Aco Šopov was nominated Yugoslav Ambassador to Senegal, a country that was his source of inspiration for the book The Black Women's Song (Miladinov Brothers Award, 1976).
While in Africa, he translated a selection of the poetry of Senegalese President Leopold Sédar Senghor, who received in 1975 the "Golden Crown" at the Struga Poetry Evenings. This international festival, held each year in the South of Macedonia, was founded in 1961 by Šopov himself with a group of Macedonian poets.

*Back in Macedonia, Aco Šopov was appointed President of the Commission for Cultural Relations with Foreign Countries. But just three years later, the disease, as foreshadowed in his poems, forced him to retire from active life.*



Татко на Владимир, кој што се роди во 1948 година, во бракот со Благородна, а почина во јануари 2000 година, и на Јасмина, родена во 1960 година, во бракот со Светлана, Ацо Шопов доживеа да ги види и внуците Александар и Леонардо. Но, не ги дочека Мила и вториот Александар. По неколку годишна болест, тој почина во Скопје, на 20 април 1982 година.

Father of Vladimir, born in 1948 of his marriage to Blagorodna, and deceased prematurely in January 2000, and of Jasmina, born in 1960 of his marriage to Svetlana, Aco Šopov still had the pleasure of witnessing towards the end of his life the birth of his grandchildren Aleksandar and Leonardo. But he didn't get to meet Mila and the second Aleksandar. After a long illness, Šopov died on 20 April 1982, in Skopje.

идеја за проект и костимографа

АЛЕКСАНДАР НОШПАЛ



## Aleksandar Noshpal

Idea for Project and Costume Designer

Моден дизајн (специјализација по висока мода) дипломирал на универзитетот ЕСМОД во Париз (1995), како најдобар студент на генерацијата. Магистер по моден маркетинг и менаџмент ја стекнал во Лондон (2008, UCA University).

Исклучително љубопитен, креативен, работлив и динамичен, Ношпал кариерата ја започнал во Париз, како асистент моден дизајнер (1994/95). Во Македонија и во странство работел како моден дизајнер, уметнички директор на брендовите од високата мода, универзитетски професор по моден дизајн и костимографија...

Како театарски костимограф и сценограф, дебитирал во 1998 година во Скопје, со две претстави. Едната, „Убавицата и ѕверот“ (Театар за деца и млади), е најизведуваната претстава во историјата на македонскиот театар: повеќе од 25 години, таа се игра во истите премиерни костими кои авторот децентно ги репарира!

Studying fashion design (specialization in high fashion), Aleksandar Noshpal graduated at the University ESMOD in Paris (1995) as valedictorian. He obtained his Master’s degree in fashion marketing and management in London (2008, UCA University)

Extraordinarily curious, creative, hardworking, and dynamic, Noshpal began his career in Paris as an assistant fashion designer (1994/95). In North Macedonia and abroad, he’s worked as a fashion designer, art director to a number of high fashion brands, as well as a university professor in fashion and costume design...

As a theater costume designer and scenographer, he debuted in 1998 in Skopje with two plays. The first, “Beauty and the Beast” (Theater for Kids and the Young), is the most replayed performance in the history of Macedonian theater: more than 25 years, the play has been performed with the same premiered costumes that the author has been repairing for decades!



Ношпал има реализирано повеќе од 80 театарски костимографии, од кои најмалку половина во странство (2020 година:  московскиот Бољшој театар; 2023 година: парискатa Опера Гарние...).

Како автентичен cross-over уметник, функционира во перманентно движење, не само географско (Македонија, Хрватска, Швајцарија, Франција, Германија, Русија, Кина...), туку и креативно.

Noshpal has produced more than 80 theater costume designs, of which at least half have been done abroad (2020: the Moscow Bolshoi Theatre; 2023: the Parisian Opera Garnier...).

As an authentic cross-over artist, he functions in a state of permanent movement – not only geographically (North Macedonia, Croatia, Switzerland, France, Germany, Russia, China...), but creatively, as well.





драматург

# СОЊА ЗДРАВКОВА-ЏЕПАРОСКА



Соња Здравкова-Џепароска, драматург и редовен професор на Факултетот за музичка уметностпри Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје. Додипломски и магистерски студии по балетска педагогија и кореографија завршува на Академијата за театарска уметност (ГИТИС) во Москва, Русија (1992); магистерските и докторските студии по театрологија ги завршува на Факултетот за драмски уметности во Скопје (2003 и 2010).

Учествува на повеќе интернационални научни конференции (САД, Тајланд, Португалија, Словачка, Унгарија, Словенија, Хрватска...) и проекти каде што ја афирмира македонската танцова култура.  Автор е на шест книги(Карактерни игри, 1998; Дискурси на танцовата уметност, 2001;  Балетска драматургија, 2003;  Историја и теорија на танцовата уметност, 2006; Аспекти на перформативна кинестетика,  2011; Од Тешкото до македонскиот постмодерен танц, 2019). Свои трудови публикува во академски и научни списанија во Португалија, Швајцарија, Полска, Индија, Турција, Словенија, Шри Ланка, Унгарија, Русија итн. Уредник е на меѓународното списание за изведувачки уметности ArsAcademica, како и на повеќе изданија на организацијата ИСТМ Национален комитет на Македонија (ICTM). Добитник е на државната награда „Гоце Делчев“ (2003),  општинската награда Феникс (2021) и наградата „13 Ноември“ (2023).

## Sonja Zdravkova-Dzeparoska

playwright

Sonja Zdravkova-Dzeparoska, playwright author and full professor at the Faculty of Musical Arts at the University “Sv. Kiril and Methodius”, Skopje. Completes her Bachelor and Master studies in ballet pedagogy and choreography at the Academy for the Theatrical Arts (GITIS) in Moscow, Russia (1992); earns a Master’s and PhD diploma in Theater Studies at the Faculty for the Dramatic Arts in Skopje (2003 and 2010).

Participates in multiple international scientific conferences (USA, Thailand, Portugal, Slovakia, Hungary, Slovenia, Croatia...) and projects where she affirms the Macedonian ballet culture. She is the author of six books (Character Games, 1998; Discourse of the Dancing Art, 2001; Ballet Dramaturgy, 2003; History and Theory of the Dancing Arts, 2006; Aspects of Performative Kinesthetics, 2001; From the Difficult to the Macedonian Postmodern Dance, 2019). Has her papers published in academic and scientific magazines in Portugal, Switzerland, Poland, India, Turkey, Slovenia, Sri Lanka, Hungary, Russia, etc. She is the editor of an international magazine for performance arts titled ArsAcademica, alongside several publications of the organization ISTM. She is the recipient of the national award “Gotze Delchev” (2003), the municipal award Phoenix (2023) and the award “13th of November” (2023).



# ИВАНА КОЦЕВСКА

кореограф

## Ivana Kocevska

choreographer

Ивана Коцевска, балетска солистка во НУ Национална опера и балет, магистер по балетска педагогија, кореографка. Настапува во првите и главни улоги во балетите: Оревокршачка, Лебедово езеро, Заспаната убавица, Дон Кихот, Наполи, Самсон и Далила, Кармен, Жизел, Серенада, Концерт Бароко, Есмералда, Шехерезада, Кармина Бурана, Конзерваториум (Бурнонвил), La Sylphide, Les Sylphides, Agony of a heartbeat (Галили)...

Како солистка, била ангажирана во Словенечкиот национален балет во Љубљана и во балетот во Вирцбург. Како студентка, една година настапувала и во Украинскиот национален балет во Киев.

Како кореографка, реализирала повеќе македонски алтернативни продукции, поддржувани од Министерството за култура на РС Македонија, Гете-институт, музичкиот фестивал „Денови на македонска музика – ДММ".

Ivana Kocevska, ballet soloist at the NU National opera and ballet, a Master of ballet pedagogy, and choreographer. She performs in the first and main roles of the following ballets: Nutcracker, Swan's Lake, Sleeping Beauty, Don Quixote, Napoli, Samson and Delilah, Carmen, Giselle, Serenade, Concert Baroque, Esmeralda, Scheherazade, Carmina Burana, Le Conservatoire (Bournonville), La Sylphide, Les Sylphides, Agony of a Heartbeat (Galili)...

As a soloist, she was employed at the Slovenian National Ballet in Ljubljana and at the Ballet in Würzburg. As a student, she performed for a year at the Ukrainian National Ballet in Kiev.

As a choreographer, she's realized several Macedonian alternative productions, supported by the Ministry of Culture of R. N. Macedonia, the Goethe-institute, and the musical festival "Days of Macedonian Music – DMM".

# АДРИЈАНА ДАНЧЕВСКА

кореограф

Адријана Данчевска, кореографка, балетски педагог и танчарка; доцентка на Катедрата за современ танц при Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип.

Дипломира (2014) и магистрира (2019) кореографија на Универзитетот зааудиовизуелни уметности ЕСРА, Скопје-Париз-Њујорк.  Од 2015 година, како танчарка и кореографка, интензивно учествува во редица меѓународни/странски проекти во Кина, Чешка, Швајцарија, Словачка, Холандија... Напоредно е авторски инволвирана и во многубројните продукциите  на Скопје танцовиот театари  Танц Фест Скопје.

Го кореографира/режира првиот македонски танцов филм Дома(2020). Во 2021 година го креира дуетот Не ми ги допирај очите кој се поистоветува со македонската политичка сцена и има повеќе изведби во Северна Македонија, Хрватска, Латвија... Нејзината претставата Go Figure It Out(2022) ја освои првата награда за најдобра кореографија и наградата од публиката  на 26. ФКМ - Фестивал на кореографски минијатури во Белград,Србија.

Како танчарка, настапувала на повеќе фестивали во САД, Холандија, Кина, Чешка, Германија, Хрватска, Турција.



## Adrijana Danchevska

choreographer

Andrijana Danchevska, choreographer, ballet pedagogue and dancer; docent at the Department of Contemporary Dance at the University “Goce Delchev”, Shtip.

She finished her Bachelor’s degree in 2014 and then her Master’s degree in 2019 in Choreography studies at the University of Audiovisual Arts ESRA, Skopje-Paris-New York. Since 2015, as a dancer and choreographer, she’s been intensely participating in a number of international/foreign projects in China, Czechia, Switzerland, Slovakia, Holland... She is additionally involved as an author in the multiple productions at the Skopje Dancing Theater and Dance Fest Skopje.

She is the choreographer/director of the first Macedonian dance film Home (2020). In 2021, she created the duet Don’t Touch my Eyes which concerns the Macedonian political scene and was performed several times in North Macedonia, Croatia, Latvia... her show Go Figure It Out (2022) won first prize for Best Choreography and the Audience Award at the 26. FKM – Festival for Choreographic Miniatures in Belgrade, Serbia.

As a dancer, she’s performed across several festivals in the USA, Holland, China, Czechia, Germany, Croatia, and Turkey.





# САША ЕВТИМОВА
кореограф

## Sasha Evtimova
choreographer

Саша Евтимова, солистка, балетски педагог и кореографка на НУ Национална опера и балет. По скопското музичко/балетско училиште „Илија Николовски-Луј“, едукацијата ја продолжува во САД, на отсекот за современ џез на колеџот во Питсбург (1998-2001). Дипломирала во Белград (2018), на Институтот за уметничка игра (драмски и аудиовизуелен уметник, отсек кореографија).

Како танчарка, одиграла бројни улоги од класичниот и неокласичниот репертоар, на матичната сцена и во странство. Како кореографка, учествувала во голем број театарски и филмски проекти, во Северна Македонија и надвор (Индија, Виетнам, Грузија, Кина, САД, Хрватска...). Во повеќе земји, активно ги одржува и работилниците за современ танц. Учествува, како евалуатор, на странските натпревари по танц. Добитничка е на неколку странски/фестивалски награди за кореографија и режија (во Полска, во Латвија...).

Sasha Evtimova, soloist, ballet pedagogue and choreographer at NU National Opera and Ballet. After her time in Skopje's musical/ballet school "Ilija Nikolovski-Lui", she continued her education in the USA, at the department of contemporary jazz at the College of Pittsburgh (1998-2001). She graduates in Belgrade (2018), at the Institute for Artistic Games (Dramatic and Audiovisual Artist, dept. of Choreography.)

As a dancer, she's performed a number of roles from both the classical and neoclassical repertoire, at the national and international stage. As a choreographer, she's participated in numerous theater and film projects, in North Macedonia and abroad (India, Vietnam, Georgia, China, USA, Croatia...) In multiple countries, she also actively maintains workshops for contemporary dance. She's participated, as an evaluator, in several international dance competitions.

She's the winner of several international/festival awards for choreography and directing (in Poland, in Latvia...).









# ДАРИЈА АНДОВСКА
композитор



Дарија Андовска, композитор. Дипломирала композиција на Факултетот за музичка уметност во Скопје; магистрирала на ZHdK во Цирих, Швајцарија (современа музика, филмска и театарска музика, продукција); била на докторски студии на Харвард Институт, САД.

Редовен професор на Факултетот за музичка уметност во Скопје, како и на Факултетот за драмски уметности во Скопје.

Автор на камерна, соло, оркестарска, симфониска и хорска музика, како и на музика зафилм, театар, танц и мултимедијални проекти.Добитник е на стипендии и учесник на мастеркласови и работилници во Скопје, СанктПетербург, Белград, Дрезден, Охрид, Берлин, Цирих, Солотурн, Штутгарт, Сараево,Фрајбург, Герлиц, Утрехт, Хилверсум...

Нејзините дела се изведувани на реномирани фестивали и бројни концерти во Македонија, Бугарија, Србија, Грција, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Белгија, Кина, Хрватска, Словенија, Швајцарија, Италија, Германија, Грузија, Грција, Франција, Англија, Ирска, Данска, Шведска, Шпанија, Норвешка, Унгарија, Украина, Азербејџан, Австрија, Јапонија, Албанија, Русија, Турција, Мексико, Малта, Канада, Полска, Романија, Ерменија, Турција, САД...

Добитничка е на голем број престижни награди, македонски и странски.

## Daria Andovska
composer

Daria Andvoska, composer. She graduated Composition at the Faculty for Musical Arts in Skopje; finished her Master's in ZHdK in Zurich, Switzerland (contemporary music, film and theater music, production); studied in a PhD program at the Harvard Institute, USA. Full professor at the Faculty of Dramatic Arts in Skopje.

Author of Camera, Solo, Orchestral, Symphonic, and Choir Music, as well as music for Film, Theater, Dance, and Multimedia projects. She's the recipient of scholarships and has participated in Master Classes and workshops in Skopje, St. Petersburg, Belgrade, Dresden, Ohrid, Berlin, Zurich, Solothurn, Stuttgart, Sarajevo, Freiburg, Görlitz, Utrecht, Hilversum...

Her works have been performed at renowned festivals and innumerable concerts in North Macedonia, Bulgaria, Serbia, Greece, Montenegro, Bosnia and Herzegovina, Belgium, China, Croatia, Switzerland, Italy, Germany, Georgia, France, England, Ireland, Denmark, Sweden, Spain, Norway, Hungary, Ukraine, Azerbaijan, Austria, Japan, Albania, Russia, Turkey, Mexico, Malta, Canada, Poland, Romania, Armenia, USA...

She's the recipient of a number of Macedonian and international awards.



# АЛЕКСАНДАР ГРОЗДАНОВСКИ

композитор

## Aleksandar Grozdanovski

composer

Александар Гроздановски, композитор - познат како Herzel, е веќе етаблиран на светската електронска музичка сцена, а неговите изданија на издавачките куќи (Hivern Discs, Uncanny Valley, Compost, Бран итн.), се свирени и поддржани од имиња како: Џон Талабот, Свен Вет, КиНК, Пионал, Бодика, Џој Орбисон, Леговелт, Жак Рено, Јори Хулконен, Матијас Мајер, Ерол Алкан, Масимилијано Паљара, Ања Шнајдер, Мидланд, Ед Давенпорт, Ајрон Куртис и многу други.

Неговата музика може често да се слушне на радиостаници како: Би-Би-Си, Ред Бул Радио, Ен-Те-Ес Радио, КМАХ и Ибица Глобал Радио, а исто така бил рецензиран и објавуван воповеќе списанија (Xl8r, MIxmag, DJ Mag, Resident Advisor, Inverted Audio, The Ransome Note, De: Bug, Igloo и Phonologue.) Косопственик е на издавачката куќа „Бран“, која исклучиво издава музика на винил. Работел и како главен уредник на реномиран магазин за електронска музика (Electronic Beats). Моментално има своја радиорезиденција на берлинско радио (Refuge Worldwide)насловена како Трага.

Како Herzel настапувал на повеќе светски/европски фестивали и во многу светски клубови.

Како HRZL често работи на звучен дизајн и музика во полето на современиот танц.

Aleksandar Grozdanovski, composer – known as Herzel, he's already established in the worldwide electronic music scene, and his recordings from several recording labels (Hivern Discs, Uncanny Valley, Compost, Wave etc.) have been performed and supported by individuals such as: Jon Talabot, Sven Vet, KiNK, Pional, Bodika, Joy Orbison, Legovelt, Zhak Reno, Yori Hulkonen, Matias Mayer, Erol Alkan, Masimilijano Palkara, Anja Shnajder, Midland, Ed Davenport, Ayron Kurtis, among many others.

His music can most frequently be heard at radio stations such as: BBC, Red Bull Radio, NTS Radio, KMAX and Ibiza Global Radio. He's also been published among many magazines (XL8r, Mixmag, DJ Mag, Resident Advisor, Inverted Audio, The Ransome Note, De: Bug, Igloo and Phonologue.) He's the co-owner of the record label “Wave”, which exclusively published music on Vinyl. He has also worked as the chief editor of the renowned magazine for electronic music (Electronic Beats). Currently he has his own radio-residency on the Berlin radio (Refuge Worldwide), titled Trace.

As Herzel he has performed in multiple worldwide/ european festivals and across a number of worldwide clubs.

As HRZL, he frequently works on sound design and music in the field of contemporary dance.

## АЛЕКСАНДАР ПЕЈОВСКИ



композитор

Александар Пејовски, композитор. Дипломирал на ФМУ во Скопје (2004). Композиција студирал во класата на професорот Томислав Зографски, а Џез-хармонија и аранжирање со Илија Пејовски. Неговиот опус опфаќа симфониска, камерна, хорска, електронска и биг бенд музика. До сега има објавено десет авторски албуми.

Неговата музика е изведувана во Германија,САД, Јапонија, Австрија, Италија и Украина. Последните десетина години работи како филмски композитор. Напишал музика за седумиграни, три документарни и дваесетина кратки филмови, како и за две ТВ-серии. Со композицијата Луѓе, за биг бенд оркестар, во 2004 година ја освои првата награда наБаргаЏезфестивал во Италија – вечер посветена на големиот италијански композитор и пијанистЏорџо Гаслини, под диригентство на маестро Бруно Томазо.

## Aleksandar Pejovski

composer

Aleksandar Pejovski, composer graduated at FMU in Skopje (2004). He studies Composition in the class helmed by professor Tomislav Zogravski, alongside Jazz-harmony and arrangement with Ilija Pejovski. His opus includes symphonic, camera, chorus, electronic, and big band music.

So far, he has released ten author albums. His music has been performed in Germany, USA, Japan, Austria, Italy, and Ukraine. He's been working for the past 10 years as a film composer. He's written music for seven animations, three documentaries, and twenty short films, as well as for two TV shows. With the composition People, for a big band orchestra, in 2004 he won first place at the BargaJazz festival in Italy – a night dedicated to the renowned Italian composer and pianist Georgio Gaslini, under the conducting of maestro Bruno Tomazo.



# МИХАЈЛО СТОЈАНОВСКИ

сценограф

Михајло Стојановски, сценограф. Дипломирал на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Првото сценографско искуство го стекнува во 2018 година, под водство на Александар Ношпал, учествувајќи како асистент сценограф - во подготовките на балетската претстава Либертанго.  Успешната соработка со Ношпал ја продолжува во балетските претстави Ана Каренина (2019) и Жизел (2021).  Како асистент, соработувал и со бугарската сценографка Елена Иванова,  на  оперската претстава Кармен, изведена во продукција на МОБ (2019).





## Mihajlo Stojanovski

set designer

Mihajlo Stojanovski set designer, graduated at the Architectural Faculty at the University “Sv. Kiril and Methodius” in Skopje.

He has his first scenography experience in 2018, under the leadership of Aleksandar Noshpal.
He functioned as an assistant scenographer, in preparation for the ballet performance of Libertango.
